# 8-ми Септември е денот кога се одбележува раѓањето и се слави опстојувањето на независна и суверена Република Македонија

Денот на државноста и независноста, 8-ми Септември е денот кога се одбележува раѓањето и се слави опстојувањето на независна и суверена Република Македонија.

На овој голем ден, на 8-ми Септември 1991 година, граѓаните на Репбулика Македонија покажаа храброст и одлучност остварувајќи ја долгогодишната идеја и аманет од нашите предци кои со генерации и генерации живееја со мислата за слободна, независна и суверена Република Македонија.

8-ми Септември е симбол и потсетник на бројни предизвици и премрежја со кои Република Македонија се соочуваше во сите овие години на независност, но и поттик мудро и сплотено да продолжиме понатаму заедно да се бориме со сите идни препреки и проблеми.

Само на тој начин, сплотени, обединети и сложни, ќе успееме да ја зачуваме, одржиме и продолжиме вековната идеја за силна, слободна, суверена и независна Македонија.

Нека ни е честит 8-ми Септември, Денот на независноста !

Нека ни е вечна нашата татковина Република Македонија !